„Кога некој од вас ќе умре, секое утро и секоја вечер му се покажува неговото место

Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога некој од вас ќе умре, секое утро и секоја вечер му се покажува неговото место: ако е од жителите на Џенетот, му се прикажува местото во Џенетот; а ако е од жителите на Огнот, му се прикажува местото во Оганот. Му се вели: ‚Ова е твоето место – сè додека Аллах не те оживее на Судниот ден.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека кога човекот ќе умре, секое утро и секоја вечер му се покажува неговото место и подготвеното живеалиште – ако е од жителите на Џенетот, му се прикажува местото во Џенетот; а ако е од жителите на Џехенемот, му се прикажува местото во Џехенемот. Му се вели: „Ова е твоето место, каде што ќе бидеш испратен кога Аллах ќе те оживее на Судниот ден.“ Во тоа има награда за верникот, а казна за неверникот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/11210